# ПРОФЕСИОНАЛИЗАМ И ТИМСКА РАБОТА

АВТОР: **Ана Миновска**

ИЗДАВАЧ: **Стоматолошки факултет - Скопје, 2004**

Учебникот содржи **пет поглавја** во кои детално и сеопфатно се опишуваат **должностите и одговорностите** кои со себе ги носи оваа кај нас новопромовирана професија, пред сѐ фокусирана на превентивата и зачувувањето на оралното, односно пародонтално и дентално здравје.

**Во првото поглавје,** авторот не запознава со најраните развојни фази, односно иницијацијата на стоматологијата како струка и наука. Понатаму, се конкретизираат карактеристиките на професијата и се апострофира истата како „ПРОФЕСИЈА КОЈАШТО ГО ПРОМОВИРА ЗДРАВЈЕТО И ЈА ПРЕВЕНИРА БОЛЕСТА" што во практика значи дека оралниот хигиеничар остварува активна улога во унапредувањето на оптималното орално здравје и во укажувањето на неговата врска со општото здравје; неговата активна вклученост во јавното здравство, со задача да ја промовира здравствената заштита и да укаже на важноста од превенцијата на болестите користејќи интердисциплинарен приод како и тоа дека оралниот хигиеничар треба да има општи познавања за нивото на здравствената состојба во различни средини.

Се наведува и спектарот на услуги кој ја вклучува неговата најкомпетентна партиципација во активностите како на општиот стоматолог така и на стоматологот - специјалист.

**Во второто поглавје,** авторот продолжува да ги објаснува и формулира активностите кои оралниот/денталниот хигиеничар ги има во **превентивната** дејност. Тој наведува дека овие активности во себе ги содржат или ги вклучуваат методите што ги применува терапевтот и/или пациентот, во функција на одржување и унапредување на оралното здравје, наведувајќи го фактот дека овие услуги можат да се поделат во три групи: примарни, секундарни и терцијални превентивни услуги. Целото поглавје понатаму е посветено на фазите во превентивната програма и ефикасноста на истата, преку совети кои треба да му се дадат на пациентот, неговото мотивирање итн.

Од обврските и задачите кои ги има во превентивната дејност и кои се тема на второто поглавје, авторот преминува на **образовната дејност** која ја остварува стручната стоматолошка сестра а која е доминатна тема во **третото поглавје.** Во овој дел на учебникот детално и мошне дескриптивно се опишува начинот на кој оралниот хигиеничар дејствува како едукатор и тоа во делот на остварувањето на индивидуалниот образовен модел. Се појаснува што треба да содржи првата лекција, втората лекција, континуираните инструкции, приспособување на инструкциите за предшколски деца за да заврши со начините на одржување на постигнатите резултати. Крајот на ова поглавје е посветен на модалитетите на образовната дејност која ја остварува, и како истата ја остварува, кога е во прашање група на луѓе и вклучувањето на заедницата во овие образовни активности.

**Четвртото поглавје** е наменето на **тераписката дејност** која ја остварува стручната стоматолошка сестра / орален хигиеничар. Авторот потенцира дека денеска практицирањето на оралната хигиена не е веќе чисто рутинска, интуитивна процедура, туку третман кој се базира на анализата на комплексните анамнестички податоци, на индексните вредности за одредени клинички промени со теписки и со прогностички аспекти, објаснувајќи го денешното практицирање на оралната хигиена како динамички процес кој опфаќа пет фази: *процена, дијагноза на орална хигиена (со прогноза), планирање, имплементација,* и *евалуација*,

**Петото поглавје** е посветено на дефинирањето на професионализмот и професионалното однесување и прогрес; етичкото однесување и тимскиот концепт - со напомена дека оралниот хигиеничар треба својата работна динамика да ја остварува користејќи тимски концепт на професионална активност, и на крајот авторот заклучува дека тимот не е исто што и група на луѓе кои само работат заедно на иста локација.

Учебникот е наменет за студентите на Високата школа за стручни стоматолошки сестри.